СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА V-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 67-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 5.X.1993 ГОДИНА,стр.22**

1. АЛИУ ХАМИД - 16, 20
2. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 19
3. ПЕШЕВ АНТОНИ - 17, 19, 21
4. ПЕТРОВ ТОДОР - 3
5. ПРЕВАЛА ШАБАН - 6
6. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 13
7. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 3, 4, 5 (заменик на министер за земјоделие)

седницата заврши

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од петтото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да продолжиме со работа.

Пратениците Симеон Наумовски, Фаик Абди ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминување на гласање по амамндманот за додавање на нов член 1б-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 16-а,поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

По однос на овој амандман Владата поднесе свој амандман што е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Го молам пратеникот Тодор Петров да се произнесе дали останува на својот амандман.

Има збор господинот Петров.

I/2 СП/ЛБ

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ја прифаќам преформулацијата на Владата така што го повлекувам текстот на мојот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 и за внесување на нов став 3, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јован Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Очигледно дека од вчерашната расправа и гласањето по амандманите немаше расположение ниту кај Владата ниту кај пратениците затоа ги повлекуваме сите амандмани што се од Комисијата за заштита на човековата околина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 20 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

По однос на овој амандман Владата поднесе свој амандман кој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Го молам пратеникот Тодор Петров да се произнесе дали останува на својот амандман.

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ја прифаќам преформулацијата на Владата и текстот на предложениот амандман го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Џамбазовски, заменик министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**ЏАМБАЗОВСКИ**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 алинеи 1,2,3 и 4 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Но, сите амандмани од оваа Комисија се повлечени.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од пратеникот Петар Георгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Амандманот од пратеникот Горѓиев не се прифаќа со оглед да е од економска природа. Ние водевме расправа околу тоа колку да бидат процентите за издвојување од оваа дејност ја консултиравме Комората и дојдовме до констатација дека треба да останат овие проценти кои се предложени. во Законот. Во спротивно до колку се зголемат овие проценти ќе нема интерес кај риболовните организации да де занимаваат со риболовство, бидејќи тие покрај овие давачки имаат и други давачки односно одгледување и заштита на рибите и ќе дојдеме во ситуација да немаме интерес од риболовните организации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 21, поднесен од пратеникот Петар Горѓиев.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 алинеја 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Џамбазовски.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32, за бришење на ставот 2, поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Следниот амандман од Комисијата за заштита на човековата околина е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за додавање два нови става, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 за додавање 2 нови става, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петро.

По однос на овој амандман Владата поднесе свој амандман кој е составен дел на Предлогот на закон.

Го молам пратеникот Петров да се произнесе дали останува на својот амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ја прифаќам преформулацијата на Владата и го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за заменување на зборот "член" со зборот "членот" и зборот "став" со зборот "ставовите" во одделни членови на текстот на Предлогот на закон, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Владата на РМ не го прифати овој амандман, бидејќи законите и другите прописи подлежат на лекторирање пред нивното објавување.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за заменување на зборот "член" со зборот "членот", зборот "став" со зборот "ставот" во одделни членови на текстот на Предлогот на закон, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (54)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Очигледно дека некои не гласаат.

Преминуваме на 34 точка од дневниот ред - Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1992 година.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство,почитувани пратеници, можеби е невообичаено за ваков документ да се дискутира, но бидејќи е на дневен ред, а бидејќи на некој начин претставува своевиден биланс на Републиката, мислам дека треба да се каже некој збор. Дотолку повеќе што тој се .состои од табеларен дел и од извештај кон Завршната сметка на буџетот на Републиката за 1992 година. Се разбира дека нема да спорам со ништо од тоа што е изнесено во самиот документ, но ќе се обидам да ги коментирам некои позиции со цел од тоа да се извлечат одредени заклучоци за нашето идно фискално однесување.

Се забележува дека буџетот минатата година морал да се ребалансира поради движењата што беа карактеристични за минатата година, година што беше доста сложена заради што мора да се променат параметрите, па оттука се дојде до ситуација тој буџет од 75 милијарди да прерасне на 217,8 милијарди денари.

Мене ми паѓа во очи и посебно сакав да го констатирам дека минатата буџетска или фискална година иако во ненормални услови на планирање и остварување сепак минала доста урамнотежено за што говори и движењето на планираните приходи а и расходната страна на буџетот. За тоа доволно говорат податоците изнесени во табеларниот дел од завршната сметка, а и во текстуалниот дел од Извештајот кон завршната сметка на буџетот. Како резултат на тоа на крајот се забележува една позитивна разлика од 3,7 милијарди денари што во секој случај значи одредена можност да се влезе во новата деловна 1993 година со едно позитивно салдо.

Мислам дека во оваа прилика има потреба да се констатираат и коментираат и други податоци што се изнесени во табелите на буџетот, но не се така да се каже сублимирано коментирани во текстуалниот дел од извештајот кон самата завршна сметка за да од тоа се извлечат одредени заклучоци што би биле од корист и за деловната политика во целина и за буџетската политика како оценка за минатата година така и за нашето однесување во наредната и идните години.

Од пресметките што ги извршив дојдов до констатација дека нашиот буџет односно приходната страна на буџетот 96% се остварува од данокот на промет, данокот од личен доход, од работен однос, царини и други давачки и од данок од добивка. Но, интересно е дека во овие приходи носечка улога односно поиздашни извори ни се првите два и тоа данокот на промет и данокот од личен доход што учествуваат со 73%

значи 3/4 од буџетот ги сочинуваат овие приходи. Но, за нас како стопанственици би било интересно да се каже зафаќањето од стопанството . За мене директно зафаќање од стопанството значи зафаќање од добивката на стопанството. Ова го истакнувам посебно заради фактот што често велиме дека стопанството се оптоварува со давачки за државата итн. Јас забележувам дека од стопанството минатата година на име данок од добивка се издвоени 18,5 милијарди денари или во структура на издвојувањата на приходите овој приход учествува со 9%. Од друга страна расходната страна на буџетот, исто така според мои пресметки укажува на следното дека некаде околу 70% од расходите главно одат на средства за образование и воспитание потоа за интервенции во стопанството значи за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, за разни регреси итн. Таа позиција зафаќа некаде преку 40,5 милијарди денари или 19% што уначи ако се спореди оваа позиција, значи издвојувањата за стопанството од една страна и она што стопанството како данок од добивка^е зема произлегува дека двојно повеќе, барем релативно по пат на процент се враќа на стопанството што значи дека Републичкиот буџет за 1992 година имал улога на прераспределба што значи земање од одредени обврзници и пренасочување на тие средства за стопанството.

Но, кога веќе. зборувам за буџетот да кажам и тоа дека овој документ што годинава ни е презентиран за разгледување и усвојување за разлика од минатите години изобилува со повеќе аналитички податоци. Меѓутоа, мое мислење е дека можеби во иднина за буџетот за 1993 година и завршната сметка ќе биде од корист освен овие табеларни прегледи особено освен табералниот преглед за приходната страна и за

расходната страна можеби ќе биде од корист да има уште еден табеларен преглед за степенот на наплатата на одделни приходи и по општините. Вие знаете дека општините односно:подрачните единици имаат одредени задачи на планот на прибирањето на приходите. Се разбира и преку тие фактори се остварува наплатната функција на приходите на Републиката. Секако таа функција се остварува различно, барем за тоа бевме убедени во една прилика кога како одговор на пратеничко прашање добивме една информација од Министерството за финансии и се убедивме во тоа.

Залагајќи се за ова истовремено инсистирам во иднина заедно со Извештајот кон завршната сметка на Републичкиот буџет да има и еден таков преглед не заради друго, туку заради фактот да се види на крајот на краиштата кој е економски нелојален или лојален кон заедницата за што беше , за жал, вчера покренато едно такво мислење, па мислам дека во овој поглед барем во поглед на измирување на давачките кон заедницата овој табеларен преглед би можел во доволна мера да не убеди. Значи, уште еден прилог за дестепенот на наплатата на одделни приходи и по општините.

На крајот и со тоа да завршам, јас се залагам за тоа ние да гласаме и да ја усвоиме завршната сметка на Републичкиот буџет за 1992 година .

II/1.-НН/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на; завршната сметка

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56 пратеника).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната сметка на Републичкиот буџет за 1992 година.

Минуваме на **точката 35** - Предлог на програма за изработка и измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови во Република Македонија во 1993 година.

Предлогот на програмата и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Хамид Алиу.

(Реагирање на пратениците дека нема претставник на Владата)

Кој е претставник на Владата по оваа точка?

Каде е господинот Шундевски или господинот Пешев.

Јас се извинувам ама не можеме да ја разгледуваме точката без претставник.

Веднаш да ги повикаат нив, а ние да преминеме на следната точка.

Минуваме на **точката 36** – Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (58 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека Тодор Крошевалитски е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Штип.

Минуваме на **точката 37** - Предлози на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии, за именување индивидуални работоводни органи и тоа:

- за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за рехабилитација на деца сб оштетен слух "Кочо Рацин" во Битола;

- за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје;

- за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Студентскиот центар "Скопје" – Скопје;

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Кој е за Предлозите на одлуките, молам да крене рака. (57 пратеника)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи.

Минуваме на **<u>точката 38</u>** - <u>Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување и тоа:</u>

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Работната организација за производство на филмови "Вардар Филм" - Скопје;

- за разрешување и именување претставник на Републиката во Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух "Кочо Рацин" - Битола.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака. (57 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување.

Преминуваме по Предлогот за донесување на закон за платен промет.

Ве известувам дека претресот по Предлогот за донесување на овој закон го заклучуваме.

II/4.-

Со оглед на тоа што во расправата по овој закон имаше предлог Владата да изготви Нацрт на закон, претставникот на Владата побара со Владата да изврши дополнителни консултации.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, претпоставувам дека во текот на расправата по Предлогот за донесување на овој закон укажано е на важноста од овие закони и на потребата да се придружи со пакетот закони од даночниот систем и Законот за управата за јавни приходи.

Законот за управата за јавни приходи, кој веќе ќе дојде како предлог за донесување во себе содржи преземање на целокупната контролна функција на досегашната Служба на општественото книговодство во рамките на Министерството за финансии, односно оваа управа под назив Даночна инспекција. Апелирам на пратениците овој закон да се придружи, значи да оди во две фази со убедување дека нема да дозволиме да се губи во квалитетот на овој закон со цел да сите овие закони мора да бидат донесени во текот на оваа година. Логично е потребно е рационално и потребно и целисходно тие од 11.01.1994 година да стапат во сила. Бидејќи овие два закона се толку меѓу себе поврзани, апелирам и овој закон да иде во две фазинсо цел во наредното заседание на Собранието да се придружи и кон нив да се расправа заедно, затоа што се тие зависни,поврзани и не е можно едниот да се донесе а другиот не, ниту е можно едниот да се донесе во едно време, а другиот во друго време. Ве молам да сфатите со тоа што обврска на Владата е да обезбеди законот за платен промет исто така да не изгуби во она што се бара, што го бара времето поради скратувањето на предвидената постапка во три фази.

Молам, ова да се сфати и прифати.

II/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме ставот на министерот, на Владата.

Тогаш на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за платен промет.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (57 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (2 'пратеника).

Јас молам, бидејќи нешто се менува бројот на присутните, излегуваат, влегуваат луѓе да утврдиме точен број на присутни. Не смее овој закон да биде фаличен во донесувањето.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Значи, 57 гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Значи, некој не гласа.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок Молам сега да се изјасниме по предлогот Владата да изготви Нацрт на закон.

1. Владата ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски како и забелешките од расправата на седницата на Собранието.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија, забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски како и забелешките од расправата на седницата на Собранието да се доставаат до Владата на РМ и Министерството за финансии.

II/6.-

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (22 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи не се усвои овој заклучок, предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски, како и забелешките од расправата на седницата на Собранието.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија, забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски, како и забелешките од расправата на седницата на Собранието, да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии. ,

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (58 пратеника).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (4 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Да се вратиме на **<u>точката 35</u>** - <u>Предлог на програма за изработка и измена и и дополнување на просторните и урбанистичките планови во Република Македонија во 1993 година.</u>

Предлогот на програмата и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој е бара збор?

II/7.-

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство. Предлогот на програмата за изработка, измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови во Република Македонија во 19 93 година е направена во рамките на своите права и должности за други корисници на просторот, обезбедување на трајни извори на средства. Тоа е убаво, меѓутоа за мене е нелогично затоа што за ваква програма ние расправаме во месец октомври 1993 година, а логично ќе беше да расправавме во месец октомври или ноември 1992 година. Овој месец би требало да расправаме за програмата за 1994 година. Меѓутоа, каква е. таква е, тргнувајќи од овие определби, ова Министерство требаше да изработи измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови што се направени пред 10 години и што претставуваат голема пречка за граѓаните од аспект на локации,-изградба и доградба итн. Малтретирањето го постигнува своето, односно својата кулминација во подрачните министерства и може да се каже дека е проста анархија. Во сегашно време голема работа е да бидеш во подрачните министерства, односно родиме мајко со ксмет па фрлиме во ова министерство, или поконкретно во подрачното министерство, како што вели народот. Има многу што да се каже, но ќе го оставиме за друга прилика.

Што се однесува до самата програма имам некои забелешки. За мене е неконкретна и парцијална и нереална програмата. Изгледа дека треба само во Скопје и во некои други градови да се урбанизира локации за мали и средни претпријатија, а за Тетово конкретно треба само да се занимаваме со Дреновец, Купеник и за некои викендички на Попова Шапка, затоа што на Тетово не ми е потребна економска база. Секогаш за овие изминати пет - шест години Купени и Дреновац се планираат, се заборава дека има таму над 100 куќи со дозвола за градба, со сите давачки исплатени према државата а никој не води

сметка за инфраструктурата на овие места. Или пак, за пофалба е, Тетово се занимава со Купени и Дреновец, а Гостивар воопшто е заборавено. Од овие причини и од други причини за мене ваквата програма е неприфатлива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Министерот Пешев бара збор.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Најпрво се извинувам заради задоцнувањето и што не бевме присутни во моментот кога некој од пратениците ја анализираше програмата.

Можам да кажам дека оваа програма за урбанизација воопшто не се работи доцна, туку до каснењето дојде заради каснењето на Буџетот кој беше донесен во јуни. Тогаш беше предложена и програмата Таа е директно врзана со донесувањето на Буџетот и глобалните буџетски средства кои за оваа намена ќе бидат одвоени.

Можам да ви кажам за изворите на финансирање на програмата за да знаете зошто до некои нарушувања воопшто е дојдено.

Се работи за тоа дека просторните планови на Републиката се финансираат од Буџетот, додека урбанистичките планови се финансираат од петте посто собрани по основ комуналии по општините. Стриктно се наменски и воопшто не се прелеваат од една општина во "друга.

Инаку, изработката на оваа програма е направена врз база на пишаните писмени барања на општините од каде се собрани така да и овие програми се направени врз база на нивно пишано произнесување во врска со приоритетите и хектарите кои треба да бидат покриени со урбанистички планови. Се работи за програма која перманентно е во

континуитет и се надоградува при што многу е важно тоа каква е динамиката на изработка или градење во одредена општина за да може да се знае во единствениот циклус колкава нова површина треба да се урбанизира. Според тоа, можам да ви кажам само тоа дека кај просторните планови Министерството води некаква глобална политика во врска со изработката на плановите, додека за деталните урбанистички планови политиката на урбанизацијата ја води Собранието на општината, па према тоа предлагам ако има некакви глобални сугестии за новата програма која ќе ја испоставиме во многу скоро време, бидејќи е веќе изработена, тогаш би требало да се вгради во новата програма која ќе биде многу поамбициозна отколку оваа што е дадена. Ова е вклопена во рамките на она што е можно на општината и колку пари она може да издвои, а тоа се пет посто од комуналиите кои се собираат во општината.

III/1/CC/лј

**АНТОНИ ПЕШЕВ:** (продолжение)

Секоја општина, врз база на оваа работа, ако оцени дека има потреба од повеќе урбанистички планови може да издвои повеќе од овие 5% со што форсирано би одела во урбанизација за посебни намени, а тоа се деловни простории и слично. Според тоа, мислам дека оваа програма треба да се усвои ваква каква што е, со тоа што ќе ги прифатиме сугестиите, и, реков, бидејќи секоја од позициите се работи во континуитет, ако не стигне да се финансира од оваа програма, ќе се финансира од следната. Приоритетите сепак ги определува Собранието на општината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара госпоѓа Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, Комисијата даде зелено светло на оваа програма и за жал констатира дека навистина многу доцна се донесува. Неколку пати интервениравме од Комисијата, од оваа говорница да оваа програма дојде на дневен ред на некоја од претходните седници беше, но сакам да кажам дека не е баш само буџетот зошто се донесе оваа програма толку доцна за 1993 година И, самиот министер кажа дека дел од програмата се финансира од буџетот. Тоа е првата точка, под а) - просторни планови, а сите останати делови се финансираат од тие 5% што, за жал, се минимални се покажа дека се многу малку или барем не се реализираат во вистинска смисла.

Јас очекувам, а и сите членови на Комисијата програмата за 1994 година да биде навистина донесена во почетокот на 1994 година и оваа програма од 1993 година е исто така нереално да се очекува дека ќе се

реализира во 1993 година, затоа што половина од програмата е пренесена од 1991-1992 година. Така што, сметам дека уредувањето на градежното земјиште, комуналните проблеми, ова министерство мора под итно да ги реши.

Вчера дискутиравме за трансформација на СИЗ-овите, дискутиравме и за законот за просторното и урбанистичкото уредување, го спомнавме и законот за просторно и урбанистички планирање каде што треба дефинитивно да се реши финансирањето на урбанистичките планови во нашата држава.

Сметам дека оваа програма треба сега да се прифати таква каква што е, заради тоа што и ние сфативме дека навистина нема средства и таа нема целата да се реализира. Колку средства ќе пристигнат во општината толку и се реализираат.

Но, сепак ова ќе биде последен апел од нашава Комисија проблемите од урбанизацијата и изработките на урбанистичките планови, а тоа се нивното:« финансирање, министерството сериозно да ги сфати и да најде место во законската регулатива тоа да го реши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, не ми е целта да реплицирам, но една работа. да објасниме.

Господинот министер податоците не ми е јасно дали од подрачното министерство на ова министерство се дадени или од Собранијата на општините.

Тоа е прво. Второ, Комисијата, јас го ценам ставот на Комисијата дека дава зелено светло, меѓу тоа ако и соодветната

комисија на Собранието и Министерството ако ја знае сериозноста на проблемот, јас прашувам, не сум стручњак, но убаво знам да читам, таму пишува "за просторно". Што е судбината со урбанистичките просторни планови во сите подрачни министерства во Републиката, затоа што конкретно во Тетово состојбата е доста сериозна. Најмалку работата е нелогична, затоа што 5 години или 8 години да не може да се добие плац за градење куќа затоа што таму, на некоја локација е планирана самопослуга.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандман на точка 5 - Урбанистички планови, точка под број 17 со што Владата на Република Македонија се согласила и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

ЗПК поднесе амандмани на насловот и на членовите 1, 2, 3 и 4.

Отворам претрес по амандманот на насловот поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.   .

III/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 1,2,3 и 4 п,однесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програма.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеници)

Дали е некој против? (еден пратеник)

Дали има воздржани? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за изработка, измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови во Република Македонија во 1993 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Во 15 часот ќе продолжиме со Шеесет и шестата седница.

Веднаш закажувам состанок на Претседателството, заедно со координаторите на пратеничките групи.

(Седницата заврши со работа во 13,05 часот)